Република Северна Македонија

Општина Велес

СТРАТЕГИЈА ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ГРАЃАНСКА ВКЛУЧЕНОСТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

декември, 2019

Листа на кратенки

БРО – Биро за развој на образованието
ДПИ – Државен просветен инспекторат
ЕУ – Европска Унија
ИКРУ – Индикатори за квалитетот на работата на училиштето
МИО – Меѓуетничка интеграција во образованието
МОН – Министерство за образование и наука
НВО – Невладина организација
СР – Совет на родители
РСМ – Република Северна Македонија
ЦСОО – Центар за стручно образование и обука
УО – Училиштен одбор

1. ВОВЕД

Мултикултурниот карактер на македонското општество бара училиштата да го промовираат развивањето на вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазикот и традициите. Училиштето е одговорно за развивање свест кај учениците за своето културно потекло, а исто така и за поттикнување на интересот за запознавање на културата и културното наследство на другите заедници.

Во непосреден контакт учениците, а преку нив и родителите и пошироката локална заедница се запознаваат со културите и јазикот на другите етнички заедници, го зајакнуваат меѓусебното разбирање и почитување и си помагаат при надминување на одредени проблеми. Со заедничко тимско работење се надминуваат стереотипите и предрасудите за другите етнички заедници и култури, се почитуваат етничките разлики меѓу учениците и наставниците, се поттикнува отвореноста кон другите култури и припадниците на тие култури. Воедно учениците стекнуваат вештини на комуникација, соработка и тимска работа, развиваат поголема толеранција и ставови за почитување и помагање на другите независно на која етничка група и припаѓаат, стекнуваат сознанија дека иако се од различни националности, имаат многу заеднички желби, интереси, амбиции и перспективи. Секако една од темелните вредности е што учениците запознавајќи се меѓу себе градат меѓусебна доверба, разбирање, пријателство. Нивната комуникација продолжува, не само во рамките на училишниот живот, туку и во секојдневното живеење.

Реформите во образованието не опфаќаат само подобрување на академските знаења туку и учење коешто помага учениците да се подготват да живеат во мултикултурно општество и тоа е нагласено како во многу меѓународни документи (УНЕСКО, УНИЦЕФ, Совет на ЕУ), така и во официјалните документи на Владата на Република Северна Македонија и образовните институции: Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (МОН и БРО, 2007); Индикатори за квалитетот на работата на училиштата (МОН и ДПИ, 2015); Основни професионални компетенции и стандарди за наставници, Основни професионални компетенции и стандарди за стручни соработници и Професионални компетенции за директори на основни и средни училишта.

Воведувањето на активности за меѓуетничка интеграција во образованието претставува вложување во иднината на децата и младите затоа што им помага да станат одговорни граѓани кои умеат заеднички да живеат и заемно да се потпираат едни на други во мултикултурно/мултиетничко општество, придонесувајќи заеднички за развојот на ваквото општество.

Овие активности им овозможуваат на учениците да развијат почитување, како на сопствената култура така и на културите на другите етнички заедници што живеат во Република Северна Македонија. Учениците се учат на толеранција, почитување на разликите и негување на вредностите за заедничко живеење во мултикултурно општество, право на еднаквост на сите.

Општина Велес во соработка со училиштата е посветена да креира своја политика за промовирање на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на младите и да планира активности според карактеристиките на самите училишта. Во рамките на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието ќе се промовира интеракцијата и социјализацијата меѓу учениците од различните заедници/наставни јазици и во еднојазичните и во повеќејазичните училишта. Кога учениците учествуваат во заеднички активности, тие имаат можност за непосредна комуникација и

меѓусебен контакт, меѓусебно запознавање и формирање интерперсонални релации, учење едни за други едни од други и за намалување на негативните стереотипи и предрасуди за другите. Во активностите за граѓанска вклученост на младите, тие ќе бидат насочувани и поддржувани да идентификуваат конкретни проблеми во училиштето и заедницата. Потоа, врз основа на нивните заеднички одлуки, младите ќе преземаат иницијативи за акции со цел да се придонесе кон решавање на постоечките проблеми и недостатоци на ниво на училиште и заедница.

Имајќи го предвид мултикултурниот карактер на нашето општество, а воедно и во образовниот систем, Општина Велес донесе одлука константно да ја унапредува соработката во подрачјето на меѓуетничката интеграција во образованието и граѓанската вклученост на младите во заедницата.

Учениците во Општина Велес коишто учат на различни наставни јазици учествуваат во заеднички наставни активности преку заеднички часови, и/или во истражувачки проекти, заеднички воннаставни и слободни ученички активности, како што се: екскурзии, секции, театарски претстави, креативни работилници, спортски игри итн.

Процесот на подготовка на Стратегијата е воден од Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО).

Стратегијата е усвоена од страна на Советот на општина Велес на седница одржана на ден 24.12.2019 година.

1.1 Општа цел на Стратегијата

Општа цел на оваа стратегија е воспоставување на поттикнувачка околина за активно учество на општината и училиштата во креирање на политиките за активности за меѓуетничка интеграција во образованието (МИО) на општинско ниво.

Општината ќе се стреми за целосна соработка за МИО и граѓанска вклученост на младите, преку:

- изработка на општински акционен план за активности за МИО и граѓанска вклученост на младите, заснован на елементите од годишните планирања на училиштата;
- обезбедување финансиски средства, друга материјална и логистичка поддршка за училиштата во делот на активностите за МИО и граѓанската вклученост на младите;
- формирање општинска комисија за планирање, учество во реализацијата и следење на реализацијата на активностите за МИО и граѓанската вклученост на младите;
- активно вклучување на вработените од одделни сектори и одделенија, особено од одделението за јавни дејности;
- соработка со тимовите за училишна интеграција од основните и средните општински училишта, претставниците од Училишните одбори, Советите на родители и локалната заедница;
- соработка со невладините организации од сферата на интеркултурното образование, меѓуетничката соработка и разни акции во заедницата;

- соработка со клучните образовни институции (МОН, БРО, ДПИ и ЦСОО);
- соработка и размена на искуства со други општини;
- информирање на јавноста за активностите за МИО преку користење на содржините од веб-страницата на општината, локални и национални електронски медиуми;
- организирање кампањи, дебати и тркалезни маси за подигнување на свесноста на населението за придобивките од меѓуетничко интегрираното образование и граѓанската вклученост на младите во општеството;
- водење процес за воспоставување на партнерства меѓу училиштата за реализирање активности за меѓуетничка интеграција;
- поттик и поддршка за креирање мрежа на училиштата во општината и/или во соработка со други општини за реализирање на меѓуучилишна и меѓуопштинска соработка во доменот на меѓуетничка интеграција и граѓанската вклученост на младите.

1.2 Методологија

Стратегијата е подготвена со активната вклученост на претставници од општините во обуките за МИО и преку менторска поддршка и директни посети и дискусии со претставници на општина Велес во период од мај до ноември 2019 година.

Реализирани обуки и активности со општинските претставници одговорни за образование за МИО се следни:

- Обука за запознавање со концептот за МИО и подигнување на свеста за потребата од МИО;
- Учество на обуки наменети за тимовите за училишна интеграција (базични и напредни обуки);
- Менторски средби за одговорни лица за образование, претставници на училишни одбори и стручни служби;
- Менторски средби на одговорни лица за образование во работата на СИТ на училишта за изготвување на активности во акциони планови.

-

1.3 Принципи на МИО на ниво на општина

Заемна доверба и партнерство

Општина Велес и училиштата ќе ја градат заемната доверба и партнерство без предрасуди и со целосно разбирање за постигнување на заеднички цели и јакнење на интересот на учениците и граѓаните за општото добро. Кога тие учествуваат во заеднички активности имаат можност за непосредна комуникација и меѓусебен контакт, меѓусебно запознавање и формирање интерперсонални релации, учење едни за други, едни од други, намалување на негативните стереотипи и предрасуди за другите. На тој начин се стекнува заемна доверба и се градат цврсти партнерства

Учество и размена на мислење

Училиштето со своите вработени, својот стручен тим и со учениците ќе придонесат за поквалитетни решенија, а општината ќе се вклучи во процесот на планирање на училиштата, со заедничка цел, своите размислувања и потреби и активности да ги вградат меѓусебно во

годишните планови за работа на училиштето, како и општинскиот план за поддршка на училишните активи и МИО од општинскиот буџет.
Учество на учениците, вклучува нивно учество во донесување одлуки по прашања од нивен непосреден интерес. Преку искуството на организираниот меѓусебен контакт и непосредна интеракција учениците учат да комуницираат и да соработуваат едни со други; започнуваат да ги препознаваат и да ги прифаќаат меѓусебните сличности и да ги почитуваат меѓусебните разлики; градат меѓусебна доверба; стекнуваат вештини за заедничко живеење во мултиетничко опкружување. Непосредниот контакт и интеракцијата придонесуваат за намалување на негативните стереотипи и предрасуди кон другите. Битно е сите да учествуваат во низа на предвидени активности од страна на училиштата и заеднички да ги споделуваат нивните мислења, со што несомнено се гради доверба, која ќе придонесе до прифаќање на различноста и намалување на предрасудите за другите. Учеството е демократско кога во процесот на одлучување учениците слободно го изразуваат своето мислење. Донесените одлуки се базираат на мислењето на мнозинството на учениците (повеќе од половината на кои се однесува одлуката или на повеќе од половината од нивните претставници во демократски формираните ученички тела).

Транспарентност

Транспарентноста е еден од клучните принципи. Општината и училиштата треба сите планирани активности, како и оние што ќе се реализираат да ги објавуваат.
Предлозите и активностите, како и реализацијата на активностите за МИО и граѓанска вклученост, како и резултатите од мониторингот и евалуацијата ќе бидат транспарентно споделувани со јавноста.
Транспарентноста е битен фактор во разбирање и развивање на мултиетничноста. Ние живееме во мултиетничко општество и тоа треба да создава една позитивна клима не само во училиштата, туку во целото наше општество. Затоа од суштинска важност е транспарентниот однос на училиштата кои соработуваат и реализираат низа на заеднички активности кои јавноста треба да ги види, како такви да ги прифати и да учествува во развивањето на позитивни односи , а различностите да ги доближи и како такви да ги прифати. Многу важно е училиштата преку ВЕБ страните , преку медиумите и училишните весници на еден транспарентен начин да ги објаваат сите планирани активности и активности кои што ќе се случуваат во рамки на мултиетничката соработка со други училишта од државата.

Одговорност

Општината и училиштата се заемно одговорни пред граѓаните при реализација на активностите за МИО и граѓанска вклученост, финансиски поддржани од општината.

Еднакви можности

Принципот еднакви можности значи да се обезбеди еднакво право на секој поединец. Општината и училиштата ќе промовираат еднаквост на сите етнички заедници во општината

Синтагмата „еднакви можности" означува дека сите луѓе треба да имаат еднакви права на човечки, социјален, економски и културен развој, како и подеднакво право на глас во општествениот и во политичкиот живот. Еднакви можности за сите етнички заедници. Отсуство на пречки за економско, политичко и социјално учество врз основа на полот или верската припадност. Тоа значи промовирање на начелото за воведување на еднакво учество на сите етнички заедници во сите области во општественото живеење, еднаков статус, еднаков третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој. Преку негувањето и реализирањето на еднаквите можности кај сите ученици или наставници во рамки на училиштата создаваме здрави, слободоумни, недискриминирачки идни граѓани во нашето општество, граѓани, кои несомнено ја прифаќаат различноста, ја почитуваат и не ја дискриминираат.

1.4 Целни групи

Оваа стратегија ги вклучува општините, училиштата, родителите, како и граѓанските организации, локалните бизниси и секако граѓаните на општина Велес.

1.5 Временска рамка

Временската рамка за спроведување на Стратегијата е 5 години и таа ќе се спроведува од 2019 до 2024 година. Во акцискиот план, како составен дел на Стратегијата, подетално се определени роковите за реализација на планираните активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

1.6 Визија на Стратегијата

Создавање успешни и ефективни воспитно–образовни установи во кои ќе се промовираат интеркултурните вредности, а учениците ќе се подготвуваат за живот во нашето мултикултурно општество во коешто спроведувањето и постојаното унапредување на меѓуетничката интеграција ќе биде незапирлив процес.

1.7 Мисија на Стратегијата

Да градиме современи воспитно-образовни установи со еднакви услови за образование за сите, во кои ќе се негува сопствениот национален и културен идентитет, а едновремено ќе се промовираат и вредностите на меѓуетничката интеграција и развиен интеркултурализам. Воспитување на младите за добро однесување кон себе и кон другите, како и поттикнување за нивна социјализација, заемно почитување,прифаќање и заедничко живеење потпирајќи се едни на други. .

2. ЗАКОНСКА РАМКА И МОЖНОСТИ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

2.1 Меѓуетничката интеграција во образованието во стратешките документи на РСМ

Република Северна Македонија е потписник на следните меѓународни документи коишто се однесуваат на човековите права, правата на детето, како и граѓанските права:

- Член 26 од Универзалната декларација за човекови права;
- Член 27 од Меѓународен пакт за граѓански и политички права;
- Членовите 28, 29, 30 од Конвенцијата за правата на детето; Член 5 од Конвенцијата на УНЕСКО против дискриминација во образованието;
- Ставките 34 и 35 од Документот од состанокот во Копенхаген од Конференцијата за човекова димензија на ОБСЕ;
- Членовите 2 и 4 од Декларацијата на ОН за правата на лицата кои припаѓаат на национални или етнички, религиозни и јазични малцинства;
- Членовите 5, 6, 12, 13, 14 и 15 од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства;
- Европската повелба на Советот на Европа за регионални и малцински јазици;
- Европската повелба на Советот на Европа за социјална кохезија.

Мултиетничкиот карактер на земјата е дефиниран во Уставот на РСМ, во законите за основно и средно образование, како и во Националната стратегија за развој на образованието и Концепцијата за деветгодишно основно воспитно образование.

Мултикултурализмот и разбирањето на „другите“ е еден од четиринаесетте принципи во рамките на Концепцијата за деветгодишно основно образование. Според овој принцип учениците преку наставните содржини, методи и активности треба да стекнуваат знаења и вештини потребни за разбирање и почитување на „другите“, како и за промовирање на вредностите меѓу учениците - почитување на разликите меѓу луѓето, нивната култура, јазик и традиција.

2.2 Образованието на заедниците согласно Уставот на РСМ

Според Уставот секој има право на образование. Образованието е достапно за сите под еднакви услови. Основното и средното образование се задолжителни и бесплатни. Припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразат, негуваат и да го развиваат својот идентитет и националните карактеристики. Република Северна Македонија ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет. Припадниците на заедниците имаат право на настава на својот јазик во основно и средно образование, на начин утврден со закон. Во училиштата каде што наставата се изведува на јазиците на другите етнички заедници, се изучува и македонскиот јазик[1]. Уставот и законите поврзани со образованието содржат одредби со кои се промовира почитување на различните култури, толеранција и недискриминација.

[1] Член 44 и Член 48 од Уставот на Република Северна Македонија.

2.3 Мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија во Законот за основното и Законот за средното образование

Законот за основното образование[2] забранува дискриминација врз основа на пол, раса, боја на кожа, национална, социјална, политичка или религиозна афилијација или социјален статус во остварување на правото за основно образование. Според овој закон:

Принципите на основното образование во член 3 се:

Основното образование се развива врз основа на следните принципи:

- демократичност,

- најдобар интерес и целосен развој на ученикот,

- еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност,

- општообразовен карактер на основното образование,

- обезбедување на квалитет на образованието и меѓународна споредливост на знаењата на учениците,

- активно учество на учениците во животот на училиштето и заедницата,

- подготвување на ученикот за доживотно учење,

- прифаќање на различностите, интеркултурност и мултикултурност,

- грижа за физичка безбедност и здравје,

- автономност, компетентност и одговорност и

- партнерство помеѓу училиштето, родителите и локалната средина.

Заштитата од дискриминација и промоција на еднаквоста во член 4 укажува на:

(1) Во основното образование се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална

[2] Донесен на 5 август, 2019

ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус, или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор во остварување на правата од основното образование.

(2) Се забранува секој облик и вид на дискриминација во основното образование, и тоа во:

- воспитно - образовниот процес,
- процесот на запишување во основното образование,
- достапноста до услуги и придобивки, разумно прилагодување и пристапност до и во објекти,
- вработувањето, кариерното напредување и престанок на вработувањето,
- ученичкото организирање,
- содржината на наставните програми и учебниците,
- управувањето и учеството во органите и телата на училштата,
- финансирањето на основното образование и
- која било друга област од основното образование.

(3) Забраната се однесува и на дискриминација кон родителите или старателите на ученикот врз било која од основите од став (1) на овој член.

(4) Вработените во основните училишта се должни да промовираат еднаквост помеѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство.

(5) Заштитата од дискриминација се обезбедува согласно со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Значи, дел од начелата врз кои се развива основното образование се: еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност,активно учество на учениците во животот на училиштето и заедницата, унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, интеркултурност, мултикултурализам, интеркултурализам и мултикултурност, автономност, компетентност и одговорност, партнерство помеѓу училиштето, родителите, односно старателите и единиците на локалната самоуправа.

Следното е дел од целите на основното образование:
- воспитување за почитување на различностите, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права,

- развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо,
- развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазик и писмо на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик,
- развивање свест кај учениците за припадност на Република Северна Македонија и негување на националниот, граѓанскиот, етничкиот и културен идентитет,
- подготвување на ученикот за одговорен живот во слободно, граѓанско и демократско општество.

Законот за средно образование, исто така, не дозволува дискриминации засновани на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба. Според овој закон средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој закон.

Во рамки на основните професионални компетенции и стандарди за наставниците, стручните соработници и директори, една од шесте компетенции е посветена на областа „Социјална и образовна инклузија“, ставајќи акцент на развојот на мултиетничката област.

2.4 Вклучени страни во процесот на образование

Министерство за образование и наука (МОН)

Министерството за образование и наука има мисија да го развива образованието и воспитно-образовниот систем во Република Северна Македонија, да ја развива науката, научните достигнувања и иновации преку примена на принципите на квалитет, економичност, граѓанска одговорност и поврзаност со пазарот на трудот. Со примена на овие принципи ќе се овозможи и рамноправно учество на Република Северна Македонија во европските образовни економски и политички интегративни процеси. Министерството за образование и наука има визија да ги промовира вредностите и темелите на квалитетното образование и наука како клуч за подобрување на квалитетот на животот во целокупното општество. Министерството за образование и наука доделува мали грантови за сите училишта во Република Северна Македонија кои ќе аплицираат со активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

Биро за развој на образованието (БРО)

БРО е орган на управа во состав на Министерството за образование и наука, одговорно за целокупниот образовен развој, вклучувајќи ги и наставните планови и програми. Сите одлуки се носат на централно ниво, иако БРО има свои канцеларии и во поголемите градови. Од 2012 год. советниците на БРО се дел од голем број обуки поврзани со меѓуетничка интеграција во образованието.

Државен просветен инспекторат (ДПИ)

ДПИ е орган на државната управа во состав на Министерството за образование и наука и врши надзор над исполнетоста на образовните стандарди, обезбедување на квалитет на образованието, ефективност преку евалуација на работата на воспитно-образовните установи, како и примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на образованието и воспитанието. При утврдување на оценката за квалитетот на воспитно-образовниот процес, во текот на интегралната евалауција, се поаѓа од Индикаторите за квалитетот на

работата во училиштата што се пропишани и донесени од страна на Министерството за образование и наука. Индикаторите исто така се користат за вршење на увид на работата на училиштата од аспект на меѓуетничка интеграција во образованието.

Центар за стручно образование и обука (ЦСОО)

ЦСОО е јавна установа во која треба да се усогласуваат и да се интегрираат јавните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука во РМ и е центар кој ја координира соработката со меѓународните институции и организации во областа на стручното образование и обука. Центарот врши стручни работи од областа на следењето, вреднувањето, проучувањето, унапредувањето, истражувањето и развојот на стручното образование и обука, како и други работи во согласност со Законот, актот за основање и статутот.

Државен испитен центар (ДИЦ)

Надлежностите на ДИЦ се да подготвува национална програма за екстерна евалуација на основното и средното образование согласно европските стандарди; да прибира, обработува и врши анализа на резултатите од тестирањето за проверување на постигањата на учениците во основното и во средното образование; да учествува во подготовка на концепцијата за матура и завршни испити во средното образование; да изготвува тестови за екстерните испити во државната матура; и да врши обука на кандидатите за директори на основни и средни училишта и да го спроведува испитот.

Училишни одбори[3]

Училишниот одбор е одлучувачко тело одговорно за управување со училиштето. Составот, надлежностите и задачите на училишниот одбор се определени со Законот за основното и средното образование и статутот на училиштето. Улогата на училишниот одбор во училиштето е да донесува статут на основното или средното училиште; предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното или средното училиште до Советот на општината; донесува програма за развој на училиштето; донесува програма за воведување на повисоки стандарди и други програми; предлага финансиски план и завршна сметка и врши и други работи утврдени со статутот на основното или средното училиште.

Училишно раководство (директор и стручната служба)

Училишното раководство (директорот и стручната служба) се обучени за примена на МИО во училишните активности преку подготовка на годишните планови за работа кои вклучуваат посебен дел за заеднички ученички активности и партнерство со други училишта. На училишното раководство му е неопходен континуиран професионален развој за поголемо успешно управување со човековите и финансиските ресурси за зајакнување на нивните капацитети за подобро справување со сите обврски на професионален начин.

[3] Училишниот одбор е составен од: училишниот персонал (менаџментот, стручната служба и наставниците), преставници од општините,од МОН и од родителите.

Наставници

Наставниците од сите основни и средни училишта се обучени како да планираат и да реализираат активности за МИО во рамките на редовната настава како и во воннаставните активности со фокус на заедничките ученички активности. На наставниците, особено нововработените и понатаму им е потребна дополнителна поддршка во применувањето на заедничките ученички активности за поттикнување и унапредување на социјализација, пријателство и заедмно прифаќање меѓу учениците.

Родители – совет на родители

Иако родителите можат да учествуваат во секојдневните наставни активности и да бидат партнери на наставникот и училиштето воопшто, нивната вклученост е многу мала. Согласно Законот за основното образование, родителите имаат тројца претставници назначени од советот на родители во училишниот одбор. На тој начин родителите можат да учествуваат во процесот на донесување на одлуки во училиштето за предлагање на годишната програма за работа на училиштето и годишен извештај, изработка на финансиски план, донесувањена статутот на училиштето итн. Ова значи дека вклученоста на родителите во наставните и воннаставните активноста може значајно да придонесе во унапредувањето на меѓуетничката кохезија на учениците од различни заедници/јазици и нивно вклучување во граѓански иницијативи и акции за подобрување на квалитетот на живеење во училиштето, локалната и општествената заедница.

3. ОБРАЗОВАНИЕТО НА НИВО НА ОПШТИНА

3.1 Децентрализација во образованието на РМ

Со децентрализацијата во образованието се изврши прераспределба на одговорностите за главните образовни прашања (подобрување на квалитетот на образованието, професионално унапредување на наставниците, финансирањето) на сите три нивоа на образовниот систем – централното, локалното и училишното. Образованието претставува стратешки сектор во развојот на секое општество. Целта на децентрализацијата во образованието се состои во тоа да се подобри квалитетот на стандардите во образованието, да се подобри пристапот до образованието и да се подигне нивото на академските дострели. Процесот на децентрализација им овозможува на општините да управуваат со финансиските средства наменети за образованието и овозможува попрецизно разграничување на правата и на обврските на власта - на централно и на локално ниво. Децентрализацијата им овозможува на локалните заедници поголемо учество во процесот на донесување на одлуките и поактивно и потранспарентно управување со училиштата, со вклучување на повеќе субјекти во процесот на донесување на одлуките. Таа овозможува ефикасна контрола врз активностите на училиштата и квалитетот на наставата. Државните тела се одговорни за екстерната контрола на квалитетот во образовните установи, додека локалните субјекти, пред сè образовните установи и локалните авторитети, се одговорни за обезбедување на услови за повисок квалитет во согласност со националните стандарди за квалитет во образованието. Општините треба да влијаат на зајакнување на демократското учество во промовирање на соработка помеѓу образовните институции и локалната заедница. Општините треба да влијаат на зајакнување на демократското учество во промовирање на соработка помеѓу образовните институции и локалната заедница.

3.2 Податоци за основни и средни училишта во општината

Табела 1. Листа на основни и средни општински училишта

реден број	Име на училиштето	Основно / Средно	Град / Село
1.	ООУ„Васил Главинов“	основно	Велес
2.	ООУ„Блаже Конески“	основно	Велес
3.	ООУ„Св.Кирил и Методиј“	основно	Велес
4.	ООУ„Панко Брашнаров“	основно	Велес
5.	ООУ„Рајко Жинзифов“	основно	с.Долно Оризари
6.	ООУ„Стојан Бурчевски-Буридан“	основно	с.Иванковци
7.	ООМУ„Стефан Гајдов“	основно	Велес
8.	СОУ„Гимназија Кочо Рацин“	средно	Велес
9.	ССОУ„Димитрија Чуповски“	средно	Велес
10.	ССОУ„Коле Неделковски“	средно	Велес
11.	ОСУ„Јовче Тесличков“	средно	Велес

Табела 2. Број на наставници по наставен јазик

реден број	Наставен јазик	Број на наставници		
		машки	**женски**	**вкупно**
1.	македонски	121	349	470
2.	албански	31	5	36
3.	турски	/	/	/
4.	српски	/	/	/
5.	босански	3	17	20
		155	371	**526**

Табела 3. Број на ученици по наставен јазик

реден број	Наставен јазик	Број на ученици		
		машки	**женски**	**вкупно**
1.	македонски	3046	2901	5947
2.	албански	332	288	620
3.	турски	/	/	/

4.	српски	/	/	/
5.	босански	86	84	170
		3464	3273	**6737**

3.3 Совет на општината

Советот на општината е основач на училиштата и тој ги донесува годишните програми и годишните извештаи на училиштата. Членовите на советите во општините, преку соодветните комисии за образование, по правило имаат континуиран мониторинг, вклучувајќи го и периодот кога се донесуваат годишните програми и извештаи на училиштата. Комисијата за општествени дејности при Советот на општината, особено ќе се интересира за делот од предлог годишните програми на училиштата во кои е потребно да се внесат одредбите кои се однесуваат на планирањето на промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација, професионална ориентација на учениците, меѓуетничка интеграција и заеднички ученички иницијативи, инклузивни практики, соработка со родителите односно старателите, активности за заштита на животната средина, културни активности на училиштето и други активности согласно со приоритетите на училиштето.

Во рамките на своите надлежности, Советот на општината:

- ги именува и ги разрешува претставниците во училишните одбори,
- го разгледува и го усвојува годишниот извештај за работата на училиштето,
- ја разгледува и ја усвојува годишната програма за работа на училиштето,
- го разгледува и го донесува годишниот финансов план на училиштето,
- ја разгледува и ја усвојува завршната сметка на училиштето,
- може до ДПИ да достави барање за вонредна интегрална евалуација и екстерно проверување и оценување на напредокот и постигањата на учениците.

3.4 Подготовка на наставниците

Во секое училиште е формиран тим за училишна интеграција (СИТ), чии членови преку различни обуки стекнаа знаења и вештини за спроведување на активностите за МИО со учениците. Стекнатите знаења и вештини, тимовите за училишна интеграција ги дисеминираа во училиштата, и со тоа сите наставници од сите основни и средни училишта во Република Северна Македонија се обучени и обврзни да планираат и да спроведуваат активности за меѓуетничка интеграција во редовната настава и во воннаставните активности.

4. АКТИВНОСТИ ВО УЧИЛИШТАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МИО

4.1 Подрачја на планирање

4.1.1 Наставни и воннаставни активности

Општината ќе поддржува заеднички наставни активности (заеднички часови) со ученици од различни наставни јазици според планиран обем и разновидност што ќе произлезе од донесените годишни програми на основните и средните училишта, а ќе се однесуваат на МИО во делот на одржување на заедничка настава. Заедничките часови по одредени предмети со ученици од различни наставни јазици/заедници може да се одржуваат исклучиво со претходно обучување од ментори/експерти на наставниците за реализација на овој посебен вид на настава.

Општината ќе поддржува воннаставни активности според планиран обем и разновидност што ќе произлезе од донесените Годишни програми на основните и средните училишта, а ќе се однесуваат на МИО во делот на секции, екскурзии, натпревари, приредби, мултикултурни работилници, уметнички изведби активности на ученичките заедници, граѓански иницијативи и акции и друго.

Афирмацијата на учениците и училиштата општината ќе ја реализира преку својата веб-страница, на седниците на комисијата за општествени дејности, на седници на Советот на општината, преку обраќањето на градоначалникот по донесените годишни извештаи на основните и на средните училишта, на електронските медиуми и ТВ канали ширум државата.

4.2 Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците

Општината развива систем на организација на заеднички активности за МИО, преку организирани меѓуучилишни средби на повеќејазичните и еднојазичните училишта, на кои се споделуваат искуства, се стекнуваат нови познанства, се планираат заеднички наставни и воннаставни активности. Општината ќе се грижи за подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците, особено преку вклучување на наставници, родители и постојано зголемување на бројот на ученици од мешан етнички состав во наставните/воннаставните активности.

4.3 Размена на искуства и информации при планирање

Општината ќе организира заеднички средби на стручните активи од основните и средните училишта со цел да се разменат искуства и да се споделат информации при планирањето на заеднички наставни и воннаставни активности – интегрирани активности. Посебен акцент се дава на организирањето на заеднички часови, заеднички секции, екскурзии и приредби. Општината ќе поддржи консултативни и организациони средби со ментори/експерти за планирање на наставата, активности за МИО и сл.

4.4 Утврдување на образовните потреби на учениците

Општината ќе поддржи активности за обезбедување посебна поддршка на учениците коишто изучуваат различен јазик од мајчиниот преку организирани посети на курсеви за јазик, користење интерактивни техники – компјутерски курсеви, реализација на ликовни изложби, поетски работилници и други заеднички настани и меѓусебно дружење во текот на наставата и надвор од редовната настава.

4.5 Поддршка и промовирање на меѓуетнички активности

Општината ќе овозможи и им даде поддршка на училиштата за следните активности што придонесуваат за унапредување на меѓуетничката интеграција и граѓанско вклучување на учениците и младите во акции и иницијативи:

- Општински спортски игри и игри без граници;
- Промотивни презентации на постигањата во реализираните заеднички активности за МИО на учениците од разни училишта во општината пред претставници од училиштата, родителите, општината, локалната заедница итн.
- Активностите на училиштата реализирани во рамките на наставата и воннаставната програма ќе бидат споделувани не само на локално, национално и регионално, туку и на интернационално ниво;

- Зајакнување на системот на споделување со граѓанитеза постигањата во МИО и граѓанската вклученост на младите на веб-страницата, социјалните платформи на општината, електронските медиуми и со учество во емисии на ТВ канали ширум државата.

5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО (правата на децата, еднаков и правичен третман на сите ученици, прифаќање и промовирање на мултикултурализмот)

Општината ќе поддржува активности– работилници, средби, предавања и меѓуучилишна соработка за запознавање на родителите и наставниците за почитување на правата на децата согласно *Конвенцијата за правата на децата*. Општината ќе ги следи механизмите со кои ќе се обезбеди промоција на еднаквоста и правичноста кон децата без разлика на полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите.

Општината ќе се грижи училиштата да планираат и да реализираат активности со кои учениците ќе се поттикнуваат на активно слушање, искажување на своето мислење и прифаќање на мислењето на другите во групата, демократско учество во училиштата и на ниво на заедницата, итн.

Општината ќе се грижи училиштата да водат политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата, нивно заемно прифаќање и меѓусебна поддршка. Општината ќе поддржи активности во кои што учениците од различните етнички/јазични заедници учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија.

6. СОРАБОТКА НА ОПШТИНАТА СО УЧИЛИШТАТА И МЕЃУУЧИЛИШНАТА СОРАБОТКА

Со цел да се поттикнуваат, поддржуваат и унапредуваат активностите за МИО и граѓанско вклучување на младите со иницијативи и во акции во заедницата, како и да се одржува и унапредува соработката на општината со училиштата за зајакнување на МИО на ниво на општина, активности што ги спроведува општината се следни:

- учество на обуки, работилници и состаноци со застапени теми и активности за МИО;
- изработка на акционен план на општината за МИО којшто се проследува на усвојување од страна на Советот на општината;
- насочување, следење, координирање и поддршка на училиштата за спроведување на активностите за МИО;
- обезбедување соодветни ресурси на училиштата за спроведување на активности за МИО;
- организирање настани за промовирање на МИО на ниво на општина и вклучување на медиумите за информирање на јавноста;
- поддршка и учество во организирање на кампањи, дебати и тркалезни маси за подигнување на свесноста на населението за придобивките од МИО;
- објавување успешни приказни за МИО на општинската веб-страница;
- водење на процесот за партнерство меѓу училиштата за МИО;
- поддршка и поттик во креирање мрежа на училиштата во општината и меѓу различни општини за реализирање на меѓуучилишна и меѓуопштинска соработка за МИО;

- соработка со образовните институции (МОН, БРО, ДПИ и ЦСОО), невладини организации и со други општини.
- Интеркултурна комуникација и соработка

Во општината се назначува Комисија за планирање, следење и реализација на активности од Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието кое одржува редовна комуникација и соработка со тимовите за училишна интеграција (СИТ-овите). Комисијата треба да бара од тимот за училишна интеграција во секое училиште да:

- испраќа глобален акционен план и детални акциони планови за активности за МИО;
- известува редовно за датумите за активностите на МИО во училиштето (5 - 10 дена пред активноста);
- информира редовно за постигањата и евентуалните во реализацијата на активностите за МИО во училиштето.

7. ПОДДРШКА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МИО НА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

Со цел да се поддржуваат училиштата во натамошното подобрување на активностите за МИО на ниво на општина како и да се согледа нивото на постигнатост на МИО и потребата од организирање натамошна поддршка и помош од општината за училиштата, Комисија за планирање, следење и реализација на активности од Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието организира состаноци со координаторите на тимовите за училишна интеграција во текот на месец август за: известување за постигањата во МИО и граѓанската вклученост на младите во училиштата во текот на претходната учебна година; разгледување на можностите за унапредување на активностите за МИО и граѓанската вклученост на младите во училиштата и општината; планирање на активности за МИО и граѓанска вклученост на младите во наредната учебна година и внесување на истите во годишните програми за работа на училиштата за наредната учебна година. За таа цел општината ќе подготвува годишен акциски план (**прилог 1**).

ПРИЛОГ 1. ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН

Очекуван резултат 1:
Органите на општината се вклучени во подобрување на поддршката за МИО активности и меѓуетничката интеграција е составен дел од годишната програма за работа на училиштата

	Опис на активноста	Одговорни институции	Временска рамка	Индикатори	Извори на податоци	Поддршка и следење
1.1.	Определување буџет за финансиска поддршка на општината	Градоначалник, Совет на општината, Комисија за МИО	Мај- октомври	Износ на одобрени средства во буџетот	Општински буџет за 2020 година	Општина, Комисија за МИО
1.2.	Доставување на акциските планови од училиштата до Комисијата	СИТ-ови, директори, Комисија за МИО	До 15.08. секоја учебна година	Број на доставени акциски планови од училиштата до општината	Училишни акциски планови	СИТ-ови, Комисија за МИО
1.3.	Донесување општински акциски план за МИО- активности	ООУ,СИТ- ови, Комисија за МИО	до 31.08 секоја учебна година	донесен годишен акциски план	Записници од Совет на Општина Велес	Општина, Комисија за МИО
1.4.	Средба на тимовите за собирање идеи за вид на активности од МИО и начинот на реализација според акциските планови	Комисија за МИО при Општина, СИТ-овите, ученичка заедница	септември	Учениците се активно вклучени во донесувањето на одлуки и планирањето на активности од МИО	Годишна програма на ООУ, училишни акциски планови за МИО активности	Општина, Комисија за МИО
1.5.	Состаноци на СИТ и претставници од Совет на родители со претставници од Комисија за МИО при општината	ООУ, СОУ, Одделение за јавни дејности, Комисија за МИО при општината	тековно	Наставниците, родителите и членовите на заедницата соработуваат и се вклучени во изработка на предлог план за унапредување на МИО	Записници од состаноци	Општина, Комисија за МИО
1.6.	Редовни состаноци на Комисијата за МИО при општината, за планирање, следење, реализација и учество на МИО активности во ООУ и СОУ	Комисија за МИО при општина	тековно	Воспоставена е структура за поддршка на постојано унапредување на МИО во ООУ и СОУ	Записници од состаноци	Општина, Комисија за МИО

Очекуван резултат 2:
Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно или на меѓународно ниво. Учениците работат на проекти и покренуваат иницијативи од еколошка природа. Училиштето за афирмирање на воннаставните активности соодветно ги користи различните медиуми (пр. училишен весник, училишно радио, интернет-страница, социјални мрежи, ученичко катче и сл.).

	Опис на активноста	Одговорни институции	Временска рамка	Индикатори	Извори на податоци	Поддршка и следење
2.1.	Изработка на финансиски и наративен извештај за наставниците, учениците и родителите за резултатите од спроведената МИО активност,	СИТ-ови, Комисија за МИО при општината, ученичка заедница, Совет на родители	тековно	Наставниците употребуваат соодветни приоди на следење и проценка на напредокот кај учениците за МИО активности	Извештаи од спроведени МИО активности	СИТ, ученичка заедница, Совет на родители
2.2.	Изработка на есеи од страна на учениците за споделување на сопствените искуства и доживувања од МИО активностите.	СИТ-ови, Комисија за МИО при општината, ученичка заедница	тековно	Учениците се поттикнати и насочени практично да ги применуваат научените лекции од МИО активностите	Извештаи од спроведени МИО активности	СИТ, ученичка заедница
2.3.	Отварање МИО портал во рамките на ООУ и СОУ и презентирање на МИО активностите на веб страна на општината.	СИТ-ови, кои транспарентно ќе ги споделуваат информациите со сите инволвирани страни,	тековно	СИТ-ови и Општината се активно вклучени во промоција на МИО активностите од училиштата	Веб страни на училиштата и на општината	Основни општински училишта, СИТ-ови, Комисија за МИО при Општина Велес
2.4.	Изработка на предлози за обезбедување финансиска поддршка од општината за реализација на заеднички ученички активности за МИО во ООУ и СОУ	Комисија за МИО при општина, Комисија за општествени дејности при Совет на општина	ноември	Општината обезбедува еднократна финансиска поддршка за реализација на	Финансиски план за реализација на МИО активности	Комисија за МИО, Комисија за општествени дејности при Совет на општина

				МИО активности		
2.5.	Систематско собирање, документирање, анализирање и доставување на податоци од реализирани МИО активностите до Градоначалникот, Советот на општината и МОН.	Комисија за МИО при општина, Комисија за општествени дејности при Совет на општина	тековно	Редовно се собираат податоци за следење на МИО активностите и се доставуваат до соодветни органи и институции	Извештаи од реализирани активности	Комисија за МИО, Совет на Општина Велес

<u>Очекуван резултат 3:</u>
Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето промовира и прифаќа вклучување волонтери од заедницата во наставните и во воннаставните активности. Тоа промовира мултиетничка интеграција и инклузивност во пошироката средина.

	Опис на активноста	**Одговорни институции**	**Временска рамка**	**Индикатори**	**Извори на податоци**	**Поддршка и следење**
3.1.	Ден на МИО активности (секое училиште ги презентира постигањата од МИО активностите и акциите/иницијативите на голем заеднички настан подготвен во соработка меѓу општината и сите училишта). Покана на гости на настанот	СИТ-ови, Комисија за МИМО при општината	мај	Училиштата и членовите на заедницата соработуваат и активно се вклучени во активностите за унапредување на МИО	Аудио и видео записи	Општина, Комисија за МИО
3.2.	Саем на здрава храна, подготовка на промотивен материјал (постери**, готвач** и/или други материјали) што го прикажуваат процесот и резултатот од реализираните активности. Покана на гости на настанот	ООУ, СОУ, СИТ-ови, Комисија за МИМО при општината	еднаш годишно	Училиштата и членовите на заедницата соработуваат и активно се вклучени во активностите за унапредување на МИО	Финансиски средства обезбедени од општината, бизнис заедницата	Комисија за МИО
3.3.	Хуманитарна акција за собирање училишен прибор, храна и облека,	ООУ, СОУ, СИТ-ови, Комисија за МИМО при	февруари	Училиштата, детските	Собрани прибор, храна и	Комисија за МИО, Општина Велес

	и/или парични средства коишто ќе се поделат во соработка со Црвениот крст.	општината		градинки и членовите на заедницата соработуваат и активно се вклучени во организација на заеднички настани	облека	
3.4.	Заедничка активност на дружење на деца од детските градинки и учениците од I-III одделение од ООУ	ООУ, СОУ, СИТ-ови, детска градинка, Комисија за МИО при општината	Мај	Училиштата и членовите на заедницата соработуваат и активно се вклучени во активности за унапредување на МИО	Обезбедени материјали за активноста	Комисија за МИО, Општина Велес
3.5.	Помош и учество во организирање на кампањи, дебати за подигнување на свесноста на граѓаните за придобивките од МИО	Комисија за МИО при општина, Одделение за јавни дејности	Еднаш во текот на полугодие	Граѓаните се запознаени со постигнувањата на учениците, наставниците и родителите во учество на МИО активностите	Записници од одржани средби и состаноци	Комисија за МИО, Општина Велес
3.6.	Вклученост и поддршка во креирање на мрежа меѓу училиштата во општината, на меѓуучилишно и меѓуопштинско ниво и следење на соработка за МИО мрежата од страна на Комисијата за МИО	Комисија за МИМО при општина, Одделение за јавни дејности, СИТ-ови	Тековно	Креирана мрежа на училиштата во општината за меѓусебна и за меѓуопштинска соработка	број на училишта вклучени во мрежата	Комисија за МИО, Општина Велес
3.7.	Еко-акција: „Го разубавуваме нашиот Велес“	ООУ,СОУ, СИТ-ови, Комисија за МИО, здруженија на граѓани од областа на здрава животна средина	март	Граѓаните се запознаени со постигнувањата на учениците, наставниците и	Број на учесници во еко-акцијата	Комисија за МИО, Општина Велес

				родителите во учество на МИО активностите и активно учествуваат во еко-акцијата		
3.8.	Спортски турнир помеѓу етнички мешани спортски тимови	ООУ,СОУ, СИТ-ови, Комисија за МИО	Април	Граѓаните се запознаени со постигнувањата на учениците, наставниците и родителите во учество на МИО активностите	Број на училишта, родители и ЗГ вклучени во активноста	СИТ-ови, Комисија за МИО, Општина Велес
3.9.	Организирање Форум-театар и креативни работилници коишто ќе се утврдат од дебати и соработката со ЗГ	ООУ,СОУ, СИТ-ови, Комисија за МИМО	Двапати годишно	Граѓаните се запознаени со постигнувањата на учениците, наставниците и родителите во учество на МИО активностите	Дебати одржани со здруженија на граѓани, активни учесници во форум- театар и креативна работилница	Комисија за МИО, Општина Велес
3.10.	Ликовна работилница	ООУ, наставници по ликовно	21.септември	Училиштата и членовите на заедницата соработуваат и активно се вклучени во активностите за унапредување на МИО	Изработени слики	Комисија за МИО, општински основни училишта
3.11.	Усогласен пристап на училиштата со бизнис секторот и планирани средби на училиштата со Локален економски совет на Општина Велес	ООУ, СИТ,Комисија за МИО, Општина Велес	тековно	Активно вклучување на бизнис заедницата во реализацијата на МИО активности	Записници од одржани состаноци со Локален економски совет	Комисија за МИО, Општина Велес